**20150772543**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

Врз основа на член 56 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Македонија” бр. 79/09, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14, 180/14 и 33/15), министерот за труд и социјална политика, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА СОСТОЈБАТА НА ПРИХОДИТЕ, ИМОТОТ И ИМОТНИТЕ ПРАВА НА ДОМАЌИНСТВОТО, ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА НОСИТЕЛОТ НА ПРАВОТО И ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПРАВОТО НА СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ

Член 1

Во Правилникот за начинот на утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството, определувањето на носителот на правото и потребната документација за остварување и користење на правото на социјална парична помош, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/13, 126/13, 11/15 и 25/15), во член 2 став 1 во точката 5 по зборот „година“се додаваат зборовите: „во висина над 30.000 денари“ .

Член 2

Во член 6 во ставот 2 во првата реченица и во ставот 3 по зборот „помош“ се додаваат зборовите: „и писмена согласност да бидат откриени неговите податоци за депозитите во сите банки и штедилници во Република Македонија“.

Член 3

Прилогот бр.1 се заменува со нов Прилог бр.1, кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 10-4481/1
5 мај 2015 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Диме Спасов**, с.р.

**Прилог бр.1**

## И З Ј А В А

од ____________________________ со ЕМБГ /__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/__/

со стан на ул. "______________________", бр. ____ со лична карта бр. ____________

издадена на ____________ година од ГУВР ________________, под кривична,

морална и материјална одговорност, пред Центарот за социјална работа

__________________ на ______________ год. изјавувам:

1. Дека сум согласен моите лични податоци да бидат употребени од страна на Центарот за социјална работа ______________________ во постапката за остварување и користење на правото на социјална парична помош.

2. Дека сум согласен да бидат откриени моите податоци за депозитите во сите банки и штедилници во Република Македонија.

ИЗЈАВИЛ
**Подносител на барањето,** **Стручен работник,**

_________________________ _________________________